Број на Службен весник: 150/2014
Датум на објавување: 14.10.2014

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Врз основа на член 198-д став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14 и 116/14), министерот за здравство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА РЕВИЗИЈА НА НАОДОТ, ОЦЕНАТА И МИСЛЕЊЕТО ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ, КОНЗИЛИЈАРНОТО МИСЛЕЊЕ И НАОД ЗА ДОДАТОК ЗА СЛЕПИЛО И МОБИЛНОСТ И ДОДАТОК ЗА ГЛУВОСТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на ревизија на наодот, оцената и мислењето за потребата од помош и нега од друго лице, конзилијарното мислење и наод за додаток за слепило и мобилност и додаток за глувост (во натамошниот текст: ревизијата).

## Член 2

Ревизијата се врши по случаен избор по електронски пат од вкупниот број на предмети за правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, додатокот за слепило и мобилност и додатокот за глувост, врз основа на кои се остварува право на помош и нега од друго лице, правото на додаток за слепило и мобилност и правото на додаток за глувост.

## Член 3

(1) Ревизија се врши од страна на тим од тројца лекари специјалисти кои не учествувале во постапката на донесување на наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице, конзилијарно мислење и наод за додаток за слепило и мобилност и додаток за глувост.

(2) Тимот од тројца лекари за ревизија, во зависност од основната болест на подносителот на барањето, е составен од лекари од следната специјалност: специјалист офталмолог, специјалист интернист, специјалист невролог, специјалист ортопед, специјалист психијатар - невропсихијатар, специјалист оториноларинголог, специјалист физијатар, специјалист рентгенолог и специјалист по медицина на трудот.

**Член 4**

(1) Тимот од тројца лекари за ревизија дава мислење врз основа на непосреден преглед на корисникот, на медицинската и друга документација содржана во предметот.

(2) По извршената ревизија, тимот од тројца лекари за ревизија може да го потврди или да не го потврди наодот, оцената и мислењето донесени од стручната комисијата за давање наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице и конзилијарното мислење и наод за додаток за слепило и мобилност и додаток за глувост, со давање мислење со јасно и прецизно образложение.

**Член 5**

(1) Тимот од тројца лекари за ревизија мислењето го дава на образец кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на мислењето од став (1) на овој член се печати на хартија во бела боја со А-4 формат и содржи: назив на тимот од тројца лекари за ревизија; број и датум на постапката на ревизија; број на предмет; мислење и место за потпис на членовите на тимот од тројца лекари за ревизија и место за печат.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Број - 07-9824/1

14 октомври 2014 година — Министер за здравство,

Скопје — **Никола Тодоров,** с.р.